# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на закон за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2020 година |
| Одговорно лице и контакт информации: | Валентина Шаурек, државен советник<br>vsaurek@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒Друго План 3-6-9 |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒**Не** |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | .12.2018 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Јануари 2019 |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

*1.1 Опис на состојбите*

Пописот на населението, домаќинствата и становите претставува најмасовна, најобемна и најскапа статистичка операција на официјалната статистика, според единиците кои се опфаќаат, белезите за кои се собираат податоци, бројот на учесниците при неговото спроведување, обемот и времетраењето на обработката и потребните финансиски средства за негова реализација.

Вообичаено е пописите да се спроведуваат на секои 10 години, и тоа во годините кои завршуваат на 0 или 1.

Последниот Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија беше спроведен во 2002 година врз основа на одредбите од Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2001 година („Службен весник на РМ„ бр. 16/01), кој беше донесен за реализација на оваа цел. Во 2011 година беше започнато и спроведувањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2011 година, но тој беше прекинат со одлука на Владата на Република Македонија.

Во изминатиот период, пописи на населението во Република Македонија (вкупно осум), се спроведени во 1948, 1953, 1961, 1971, 1981, 1991, 1994 и 2002 година.

Во согласност со одредбите од Законот за државната статистика („Службен весник на РМ„ бр. 54/97, 21/07,51/11,104/113, 42/14,192/15, 27/16 и 83/18) и Петгодишната програма за статистички истражувања 2018 – 2022 („Службен весник на РМ" бр. 22/2018), Државниот завод за статистика, во април 2020 година треба да го спроведе деветтиот по ред Попис на населението, становите и домаќинствата на територијата на Република Македонија.

*1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Државниот завод за статистика (ДЗС), како национален координатор на статистичкиот систем во земјата, во целост е исправен пред обврската, во Република Македонија, што поскоро да спроведе Попис на населението, домаќинствата и становите, со што би се надминала празнината настаната поради фактот што Пописот во 2011 година беше прекинат и не беше реализиран.

**2. Цели на предлог регулативата**

Со Пописот на населението, домаќинствата и становите во 2020 година треба да се обезбеди сеопфатност на пописните единици, истовременост на Пописот во точно дефиниран период, а добиените податоци да се однесуваат на ист дефиниран критичен момент. При ова се води сметка да се запази принципот на индивидуално попишување во пописните единици со единствена примена на

единствени дефиниции и класификации на единиците и нивните обележја, како и на единствена обработка на податоците.

Податоците што се прибираат со Пописот, претставуваат доверливи податоци и се користат само за статистички цели.

### 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку Владата не го прифати Предлогот на закон за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2020 година нема да се исполни обврската за Државите-членки на ООН на спроведување на Попис на населението, становите и домаќинствата во согласност со донесените Меѓународни препораки за пописите на населението и домувањето, подготвени од страна на Економската комисија за Европа на Обединетите нации и Евростат.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Опција Регулаторна мерка: Предложен текст на Закон, доколку Владата го прифати и истиот се донесе, ќе се исполни обврската за Државите-членки на ООН на спроведување на Попис на населението, становите и домаќинствата во согласност со донесените Меѓународни препораки за пописите на населението и домувањето, подготвени од страна на Економската комисија за Европа на Обединетите нации и Евростат.

### 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

*Позитивно - посредно:* Со донесување на предложениот Закон Република Македонија на меѓународен план ќе ги исполни обврските од меѓународните акти донесени од надлежни тела и органи, а истовремено, податоците што ќе се добијат со Пописот ќе претставуваат солидна основа за потребите на општеството во целина.

*Негативно: Нема*

*4.2 Фискални влијанија*

Позитивно: **Предложениот закон ќе предизвика дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија** за наредната година (2019), за годината во којашто ќе се спроведува, како и за годината по Пописот, за прибирање, обработка и печатење на податоците од Пописот и нивно дисеминирање во вкупен износ од 522.751.000 денари.

Негативно: Нема

*4.3 Социјални влијанија*

Нема

*4.4 Влијанија врз животната средина*

Нема

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување:* Има во износ од 522.751.000 денари.

*б)трошоци за почитување на регулативата:*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување:*

Засегнати страни: граѓаните на Република Македонија

Начин на вклучување:

- Средби со медиуми, граѓански сектор,брифинзи
- Предлог законот ќе биде објавен на веб порталот на Министерството за правда.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења:*

Побарано е мислење од Секретаријатот за законодавство, Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за одбрана и Министерство за надворешни работи .

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто: /*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Опција Не прави ништо: Има негативно фискално и посредно негативно економско влијание.

Доколку остане истото решение, односно не се прифати предложениот Предлог на закон, на меѓународен план нема да се исполнат обврските од меѓународните акти донесени од надлежни тела и органи,

Има фискално позитивно влијание, економско посредно позитивно влијание. Негативно влијание нема. Има административни трошоци и трошоци за спроведување и за почитување на регулативата во вкупен износ од 522.751.000 денари.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Нема

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Опција Регулаторна мерка: Доколку Владата го прифати предложениот текст на Закон, ќе се испочитува обврската од од меѓународните акти донесени од надлежните тела.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области: Нема*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување:* Има, истите се набројани во членот 17 и 45 од Предлог законот,а рокот за нивното донесување е шест месеци од денот на влегување во сила на законот.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување:* Државен завод за статистика, Министерство за правда, Министерство за одбрана, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за надворешни работи, Агенција за катастар на недвижности и носители на административни збирки на податоци.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон:* Законот треба да биде донесен и да стапи во сила една година пред спроведувањето на планираниот попис.

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето:*

Државниот завод за статистика ќе изврши обработка и објавување на податоците од пописот според утврдена програма и временска динамика.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови:*

Во согласност со одредбите од Законот за државната статистика („Службен весник на РМ„ бр. 54/97, 21/07,51/11,104/113, 42/14,192/15, 27/16 и 83/18) и Петгодишната програма за статистички истражувања 2018 – 2022 („Службен весник на РМ" бр. 22/2018), Државниот завод за статистика, во април 2020 година треба да го спроведе деветтиот по ред Попис на населението, становите и домаќинствата на територијата на Република Македонија.

Државниот завод за статистика (ДЗС), како национален координатор на статистичкиот систем во земјата, во целост е исправен пред обврската, во Република Македонија, што поскоро да спроведе Попис на населението, домаќинствата и становите, со што би се надминала празнината настаната поради фактот што Пописот во 2011 година беше прекинат и не беше реализиран.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

Датум:

..............................................

_______________

потпис на државен секретар

| НАЛОГ |
| --- |
| Овој Нацрт – извештај за проценка на влијанието на регулативата по однос на Предлог на закон за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, да се објави на ЕНЕР.<br><br>Датум<br>27. 11. 2018<br><br>Министер за правда,<br>Д-р Рената Дескоска |